# Писмо со информации за корисникот
# Корекција за медицински уред

**IntelliVue Information Center iX / Patient Information Center iX од Philips IntelliBridge System**

**Прецизност за складирање податоци на пумпата за инфузија**

Почитуван кориснику,

Кај Patient Information Center iX и IntelliBridge System од Philips е откриен проблем кој, доколку се појави повторно, може да влијае врз прецизноста за складирање одредени податоци. Овие информации за корисници треба да ве информираат за:

- видот на проблемот и условите во кои може да се појави;
- постапките што вие како корисник можете да ги преземете за да го минимизирате ефектот на проблемот;
- постапките што компанијата Philips планира да ги преземе за да го коригира проблемот.

Овој проблем со прецизноста на податоците ги опфаќа производите Patient Information Center iX и IntelliBridge System доколку се поврзани со пумпите за инфузија BBraun Space LAN или Arcomed UniqueDoc преку LAN-драјвери. Во некои случаи, вредностите за брзината на болусот, стапката на инфузија и вкупниот волумен може да се евидентираат во картонот на пациентот или во неговата електронска медицинска евиденција со зголемување од точно 100 пати од вистинската вредност. Овој проблем настанува само кога системот е конфигуриран со регионални поставки според кои се користи запирка како децимален знак.

Ве молиме разгледајте ги следните страници каде што има информации за проблемот и инструкции за постапките што треба да се преземат. Ве молиме следете ги инструкциите наведени во делот „Постапки што треба да ги преземе клиентот/корисникот" од ова писмо.

Компанијата Philips искрено се извинува за сите непријатности што настанале како резултат на овој проблем. Вашето задоволство со производите од Philips и нашето решение за овој проблем се од огромно значење за нас. Ако ви се потребни дополнителни информации или поддршка за овој проблем, ве молиме обратете се кај локалниот претставник на компанијата Philips: <Податоците за контакт со претставникот од Philips треба да ги пополни КМ / земјата>

Со почит,

| | |
|---|---|
| **ОПФАТЕНИ ПРОИЗВОДИ** | Сите производи Patient Information Center iX и IntelliBridge System од Philips што се конфигурирани со регионални поставки според кои се користи запирка како децимален знак:<br><br>866389 Patient Information Center iX B.01 (или понова верзија)<br>866390 Patient Information Center iX B.01 - надградба (или понова верзија)<br>866417 IntelliBridge System C.01 (или понова верзија)<br>866418 IntelliBridge System C.01 - надградба (или понова верзија) |
| **ОПИС НА ПРОБЛЕМОТ** | Податоците за брзината на болусот, стапката на инфузија и вкупниот волумен од пумпите за инфузија BBraun Space LAN или Arcomed UniqueDoc, што се пренесуваат преку излезниот интерфејс HL7 на Patient Information Center iX преку LAN-драјвер, може да се евидентираат во картонот на пациентот или во неговата електронска медицинска евиденција со зголемување од точно 100 пати од нивната вистинска вредност. Опфатен е само излезот HL7 на Patient Information Center iX. Овој проблем настанува само кога PIC iX или IBS се конфигурирани со регионални поставки според кои се користи запирка како децимален знак.<br><br>*На пример, пумпата што испорачува лек со 5,00 cc прикажува вредност од 500,00 cc во картонот на пациентот или во неговата електронска медицинска евиденција (EMR)* |

**КАКО ДА ГИ ПРЕПОЗНАЕТЕ ОПФАТЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ**

Проверете дали LAN-драјверот на Arcomed UniqueDoc LAN или BBraun Space се користи за пренесување вредности преку HL7. Ако не се користи, тогаш уредот не е опфатен.

Утврдете ја ревизијата на опфатениот производ и соодветната опција. Кликнете на иконата Philips на екранот за следење со PIC iX или IBS. На тој начин ќе го отворите екранот за поддршка за производи што може да ги идентификува ревизијата и опциите на производот. Опфатените ревизии се PIC iX B.01 или понова верзија, IBS C.01 или понова верзија со опција за приклучување уреди од трети страни:




Проверете ги регионалните поставки. Во System Configuration (Конфигурација на системот), кликнете на картичката Language (Јазик) во Topology (Топологија). Ако е избран јазик (како германски) во кој запирката се користи како децимален знак, тогаш тој уред е опфатен:



**Philips Healthcare** PHILIPS

**Мониторинг на пациент** CIL86201856A април 2019 година

## Одговор од корисникот за CIL86201856A
## IntelliVue Information Center (PIIC) iX / Patient Information Center (PIC) iX* од Philips IntelliBridge System (IBS)

### Прецизност за складирање податоци на пумпата за инфузија

**Почнувајќи од изданието C.02, IntelliVue Information Center (PIIC iX) од Philips се нарекува Patient Information Center iX или PIC iX. Секое спомнување на името PIC iX во ова писмо се смета како еквивалент на PIIC iX.*

Ве молиме пополнете и испратете по факс на <Податоците за контакт со претставникот од Philips треба да ги пополни КМ/земјата>

| | |
|---|---|
| Име на лицето за контакт | |
| Телефонски број | |
| Адреса за е-пошта | |
| Име на установата | |
| Адреса со улица<br>Град, држава,<br>поштенски код | |

**Ве молиме испратете го овој пополнет формулар по факс или е-пошта на бројот или адресата за е-пошта наведени погоре.**

**ПОТВРДА ОД КОРИСНИКОТ:**

Потврдувам дека го прочитав и разбрав ова писмо со информации за корисници.

- ☐ Мојот уред не е опфатен.
- ☐ Мојот уред е опфатен бидејќи е конфигуриран со регионални поставки според кои се користи запирка како децимален знак. Користам пумпа за инфузија BBraun Space LAN или Arcomed UniqueDoc.

______________________ ______________________

**ИМЕ НА КОРИСНИКОТ (печатни букви)** **РАБОТНО МЕСТО**

______________________ ______________________

**ПОТПИС НА КОРИСНИКОТ** **ДАТУМ**

Ве молиме испратете го пополнетиот формулар за одговор по е-пошта на <Податоците за контакт со претставникот од Philips треба да ги пополни КМ / земјата>. Ако имате тешкотии при

спроведување на инструкциите во овој допис, тогаш контактирајте со локалниот претставник на компанијата Philips.